# Јагнење на овци

## Вовед

Јагнењето на овците е најважниот дел од овчарското производство. Покрај тоа што овците релативно лесно се јагнат, при јагнењето има и загуби, кои може да бидат и до 20%. Најголемите загуби настануваат при јагнењето на младите овци и овците кои носат две или повеќе јагниња.

Една од главните причини за големата загуба е тоа што околу 80% од овците се јагнат навечер.

За да се намалат загубите, потребни е исполнување на четири услови:



1. Да се обезбедат соодветни абмиентални услови за јагнење.
2. Да се подготви овцата за јагнење.
3. Да се помага на овцата при јагнење.
4. Правилно да се постапи со јагнето и овцата после јагнењето.

## Амбиентални услови за јагнење

Овцата е полиестрично животно. Ако и обезбедиме оптимални услови на одгледување, потребната храна и здравствена заштита, овцата може да се јагни во текот на цела година.

Просторот за јагнење-родилиште, може да биде одвоен дел во склоп на овчарникот или посебен објект (обично кај големи фарми).

Родилиштето мора биде со добра вентилација, без провев, со доволно светло, простирката мора да биде чиста и сува, температурата би требало да биде околу 10°C. Родилиштето е поделено на боксови за 2 до 3 овци. Исто така треба да има и индивидуални боксови за сместување на овците кои не ги прифаќаат јагнињата.

Подната површина на боксот треба да изнесува 2м² по овца. Прозорите мора да се минимум 10% од површината на подот.

Во боксот мора да има јасли за сено, хранилки за концентрирана храна, сад за вода или поилки.

Објектот наменет за јагнење претходно мора да биде исчистен и дезинфициран, а таванот и ѕидовите варосани.

**Подготовка на овци за јагнење**

Овцата носи просечно 150 дена, со варијаации од 146 до 156 дена.

Надворешните видливи знаци на гравидноста кај овците се уочуваат во четвртиот месец. На овците им расте стомакот и добива заоблена форма. Месец до месец и половина пред јагнењето на овцата почнува да и расте вимето.

Ова особено е видливо три недели пред јагнењето.

Знаците за скоро јагнење се видливи 3 до 5 дена пред јагнењето. Тогаш овцата треба да се одвои во бокс за јагнење, кој претходно е подготвен.

Боксот мора да биде дезинфициран, а простирката сува и чиста.

Овцата во овој период тешко се движи, особено оние кои носат две или повеќе плодови. Срамницата е отечена, вимето нагло расте, а стомакот полека се спушта.



Два до три дена пред јагнењето се гледаат гладните јами и срамницата станува црвена. Тогаш овцата треба да се подготви за јагнење.

Треба да се истриже волната околу опашката и околу срамницата, како и на предниот дел од задните нози и по стомакот пред вимето за да може јагнето слободно да го најде вимето.

Во овој период овцата често лежи, а ако е на пасиште се помалку пасе.

**Помагање на овцата при јагнење**

На денот на јагнењето овцата се повеќе лежи. Често лежи и станува, гладните јами силно се изразени, вимето и е отечено, заради дотокот на млеко цицките се зголемени. Од родницата излегува слузест исцедок.

Овцата е се понемирна, станува, се врти околу себе, го мириса местото каде што лежела и блее. Сето ова е последица на болките кои се јавуваат во одредени периоди.

Овцата треба да се остави сама да се ојагни, а се помага само ако се воочат одредени проблеми. На овцата и се приоѓа полека, се фаќа и се легнува. За ова постапка се потребни двајца. После тоа треба да се провери положбата на плодот.

Кога положбата е правилна односно ако заедно излегуваат предните нозе и главата на нив, се пристапува кон јагнење на овцата.

Прво се повлекува едната, а потоа и друдата нога. Тогаш двете нозе се во испружена состојба. Едното лице полека ги влече нозете спрема доле т.е. према вимето на овцата, а другото лице со едната рака ја шири родницата, а со другата ја извлекува главата на плодот. Ова е јагнење во предна положба.



Во 5% од случаи плодот излегува со задниот дел, па велиме дека има задна положба. Тогаш е потребно да се извлече една по една нога, како при предна положба и полека да се повлече плодот за двете нозе кон вимето на овцата.

Ако плодот има друга положба од претходните две велиме дека е во неправилна положба, што предизвикува тешко јагнење, и во овој случај потребно е да се викне ветеринар.

**Постапка со јагнето и овцата по породување**

После породувањето на јагнето треба да му се исчисти носот и устата од слузта.

Ако јагнењето било тешко и долготрајно, јагнето мора одма да се подигне на задните нозе, за плодната вода која за време на породувањето му влегла во устата не му отиде во белите дробови.

Плодната вода може во неколку минути да предизвика гушење или во наредните два до три дена респираторно воспаление од кое јагнето умира.

Потоа потребно е јагнето да се пренесе на сува простирка.

Мократа простирка треба да се отстрани и заедно со постелката треба да се закопа, и да се стави сува простирка, никако не влажна. Влажната простирка предизвикува развој на микроорганизми кои може да бидат извор на болести.

Вимето треба да се измие со топла вода и да се избрише со сува крпа.

Првите млазови на млеко (колострум) треба да се измолзат во посебен сад како би се измолзиле чеповите од боските, а и млекото во кое може да има микроорганизми, кои предизвикуваат проблеми во дигестивниот трак на јагнето.

Кога породувањето било без потешкотии, здравите и витални јагниња ќе станат за 10 до 15 минути и ќе го бараат вимето, односно ќе почнат да цицаат.

На слабите, ситните и поневиталните јагниња треба да им се помогне да го прифатат вимето. Со една рака се подига јагнето, а со друга се придржува боската за да може јагнето плесно да ја прифати.

Понекогаш е потребно првите млазови на колострум да се подојат директно на јагнето во устата, за тоа да го осети. Ако јагнето неможе да стои, колострумот се

измолзува и му се дава на јагнето да го испие. При тоа треба да се внимава температурата на млекото да биде 37 до 38°C.

Јагнето мора да го испие колострумот во рок од 6 до 8 часа, а најкасно 24 часа по породувањето. Колострумот содржи антитела кои му обезбедуваат пасивен имунитет во првите денови од животот, како и полесно варење на протеините. Истовремено колострумот и го прочистува дигестивниот систем од слузестите работи кои се насобрани во текот на гравидноста (бременоста).



Ако овцата не го прифаќа јагнето, треба да се одвои во посебен бокс, во кој ќе остане се додека не го прифати.

Понекогаш се случува овцата да го прифати едното јагне, а другото не. Овцата со јагнињата исто така ја одвојуваме во индивидуален бокс и ја придржуваме овцата за јагнето да може да цица се додека тоа не зајакне. Тоа јагне подоцна само ќе цица од задната страна под опашката, кога ќе цица јагнето кое овцата го прифатила.

Кај високомлечните овци потребна е секојдневна контрола на вимето, ако е потребно млекото треба да се измолзи до двапати на ден во посебен сад . Тоа млеко го даваме на другите јагниња, чии мајки немаат доволно млеко.

Овците со мали јагниња, после јагнењето ги држиме во боксови за јагнење 7 до 10 дена, зависно од здравствената состојба и виталноста на јагнињата, а понекогаш во овие боксови тие остануваат и подолго. После тоа ги пуштаме во заедничките боксови со другите овци и јагниња.

Овците во првите денови после јагнењето не смееме да ги храниме со полн оброк за дојни овци, за да не добијат воспаление на вимето од преголемо лачење на млеко.

Јагнињата, чии мајки немаат доволно млеко, потребно е да ги прихрануваме.

Во почетокот може да им даваме млеко од овца, коза или крава, а подоцна на возраст од две до три недели, ги прихрануваме со млечна замена за јагниња или телиња.

Преминот од млеко на млечна замена мора да биде постепен. Во првата недела од животот размерот на млеко и млечна замена треба да е 50:50%.

Хранењето со млечна замена треба да се спроведува спрема упатството.

Исто така може тие јагниња да се подметнуваат под други овци, кои имаат вишок на млеко, кои имаат едно јагне или останале без јагне. Оваа постапка е прилично тешка.

Постојат повеќе начини на подметнување. Јагнето е потребно да се намачка со млеко од овцата под која го подметнуваме. Подметнувањето најдобро е да се изведе ноќе за овцата да не го види.



Кога на овцата ќе и умре јагнето, можеме кожичката од мртвото јагне и да ја ставиме на јагнето кое се подметнува. Постапката на подметнување исто така е најдобро да се изведе навечер.

Овцата на која и се подметнува јагнето, независно има ли јагне или не, мора да биде во индивидуален бокс.

После одвојувањето на овцата со подметнатото јагне, потребно е неколку дена овцата да се придржува за јагнето да почне да цица, а овцата да се навикне на него. Во спротивно овцата нема да го прифати јагнето и тоа најчесто умира од глад.

Често се случува јагнето кое го подметнуваме под овцата, која има свое јагне, да цица од страна т.е. под опашката. Подметнатото јагне ќе има помал прираст од 15 – 20%.

Понекогаш може да се случи овцата после јагнењето да нема млеко. Во тој случај на јагнето му е потребно да обезбедиме колострум од друга овца.

Бидејќи може да се случи тој ден да не се ојагни ниту една овца, потребно е да се има на залиха замрзнат колострум.

Него треба да го одмрзнеме и загрееме постепено на температура од 38 до 39°C и да му даваме на јагнето да испие по 50 мл, три пати на секои два часа. После тоа може да прејдеме со исхрана на јагнето со нормално млеко (кравјо, овчо или козјо).

**Ѓоко Данаилов**
**АПРЗ Неготино**